# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 12 ноември 1997
Скопје
Број 57 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1086.**

Врз основа на член 43 од Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на РМ“ бр. 31/93, 78/93, 59/96 и 15/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник наСРМ“ бр. 38/90и „Службен весник на Република Македонија“бр.63/94),Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ИЗВОЗ И УВОЗ НА СТОКИ

Член 1

Во Уредбата за привремен извоз и увоз на стоки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/94, 23/96, 53/96 и 65/96), во членот 13, ставот 4 се брише.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“.

Бр. 23-2523/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1087.**

Врз основа на член 24 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1997 година („Службен весник на РМ“ бр. 71/96) и член 46,став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27.10.1997 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ И ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1997 ГОДИНА

1. Од средствата во Буџетот на Република Македонија за 1997 година, утврдени во раздел 12.01, потставка 472026, во износ од 80.000.000,00 денари за изградба на водоводи во општините и фекални канализации, се распределуваат 55.000.000,00 денари за:

| | | |
|---|---|---|
| **Општина Пехчево** | | **1.200.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на Пехчево | 600.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во Пехчево | 600.000,00 | |
| **Општина Битола** | | **2.000.000,00** |
| – за проширување на филтер станицата во с. Дихово, со што етапно ќе биде реализирана програмата за водоснабдување на Градот и повеќе населени места до 2030 г. | 1.000.000,00 | |
| – за изградба на II крак од водоводот за водоснабдување на населените места Оптичари, Жабјани, Егри, Меџитлија, Кременица, Гнеотино и граничен премин Меџитлија | 600.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Долно Оризари | 400.000,00 | |
| **Општина Новаци** | | **380.000,00** |
| – за интервентно водоснабдување на с. Гнеотино | 100.000,00 | |
| – за завршување со изградба на водоводот за водоснабдување на с. Рибарци | 280.000,00 | |
| **Општина Бач** | | **200.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Добровени | 200.000,00 | |
| **Општина Добрушево** | | **120.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Будаково | 120.000,00 | |
| **Општина Македонски Брод** | | **800.000,00** |
| – за изградба на главен колектор за фекална канализација во Македонски Брод | 800.000,00 | |
| **Општина Самоков** | | **400.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во с. Самоков | 400.000,00 | |
| **Општина Пласница** | | **1.100.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Пласница, с. Преглово и с. Ижиште | 1.100.000,00 | |
| **Општина Валандово** | | **500.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во Валандово | 500.000,00 | |
| **Општина Виница** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Истибања | 500.000,00 | |
| – за надградба на системот за водоснабдување на Виница | 500.000,00 | |
| **Општина Гевгелија** | | **1.200.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Негорци | 300.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Мрзенци | 400.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Кованци | 200.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Негорци | 300.000,00 | |
| **Општина Миравци** | | **1.200.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Миравци | 400.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Петрово | 400.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Смоквица | 400.000,00 | |
| **Општина Стар Дојран** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на Нов Дојран | 500.000,00 | |
| – за изградба на главен колектор за фекална канализација во Нов Дојран | 500.000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **Општина Ростуше** | | **800.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во с. Ростуше | 800.000,00 | |
| **Општина Србиново** | | **400.000,00** |
| – за завршување со изградба на водоводот за с. Железна Река | 400.000,00 | |
| **Општина Вруток** | | **200.000,00** |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Речане | 200.000,00 | |
| **Општина Делчево** | | **1.200.000,00** |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Вирче | 600.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во Делчево | 600.000,00 | |
| **Општина Демир Хисар** | | **1.100.000,00** |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Суводол | 300.000,00 | |
| – за изградба на резервоар за водоснабдување на Демир Хисар | 500.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во локалитет 4 во Демир Хисар | 300.000,00 | |
| **Општина Кавадарци** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во с. Ваташа | 300.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Дреново | 300.000,00 | |
| – за надградба на системот за водоснабдување на с. Дреново | 400.000,00 | |
| **Општина Росоман** | | **500.000,00** |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Дебриште | 500.000,00 | |
| **Општина Другово** | | **600.000,00** |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Попоец | 600.000,00 | |
| **Општина Осломеј** | | **800.000,00** |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Аранѓел | 400.000,00 | |
| – за изградба на водоводот за водоснабдување на с. Србица | 400.000,00 | |
| **Општина Зрновци** | | **400.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во с. Зрновци | 400.000,00 | |
| **Општина Кратово** | | **1.100.000,00** |
| – за изградба на пречистителна станица за водоснабдување на селата Шлегово, Приковци, Туралево, Тополовик, Филиповци, Сакулица, Вакав и дел од Шопско Рудари | 700.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Кетеново | 400.000,00 | |
| **Општина Крива Паланка** | | **1.500.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Конопница | 500.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во Крива Паланка | 1.000.000,00 | |
| **Општина Ранковце** | | **600.000,00** |
| – за надградба на системот за водоснабдување на с. Ранковце и с. Радибуш | 600.000,00 | |
| **Општина Куманово** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Четирце | 1.000.000,00 | |
| **Општина Старо Нагоричане** | | **700.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Драгоманце | 700.000,00 | |
| **Општина Крушево** | | **800.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Бучин, Пресил, Милошево, Врбоец, Светомитрани | 800.000,00 | |
| **Општина Охрид** | | **1.400.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Трпејца | 600.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Подмоле, Оровник, Горенци, погон на ГП Механизација и аеродром Охрид | 800.000,00 | |
| **Општина Белчишта** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Белчишта, Ново Село, Лешани, Г. и Д. Средоречје | 1.000.000,00 | |
| **Општина Мешеишта** | | **500.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Волино | 500.000,00 | |
| **Општина Прилеп** | | **2.800.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Кадино Село | 600.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Горно Коњари | 400.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во Прилеп | 1.000.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Лажани | 800.000,00 | |
| **Општина Долнени** | | **1.400.000,00** |
| – за изградба на пумпна станица за водоснабдување на с. Црнилиште | 500.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Лажани | 900.000,00 | |
| **Општина Кривогаштани** | | **600.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Годивле и с. Кореница | 600.000,00 | |
| **Општина Витолиште** | | **700.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Дуње | 700.000,00 | |
| **Општина Пробиштип** | | **1.400.000,00** |
| – за изградба на водоводи во населените места: | | |
| • Горни Стубол | 250.000,00 | |
| • Долни Стубол | 250.000,00 | |
| • Г. Барбарево | 250.000,00 | |
| • Плешенци | 250.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Пишица | 200.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во с. Стрмош | 200.000,00 | |
| **Општина Злетово** | | **1.100.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на: | | |
| • с. Бунеш | 250.000,00 | |
| • с. Трипатанци | 250.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во | | |
| • с. Древено | 300.000,00 | |
| с. Злетово | 300.000,00 | |
| **Општина Радовиш** | | **800.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во с. Ињево | 800.000,00 | |
| **Општина Подареш** | | **500.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Подареш | 500.000,00 | |
| **Општина Ресен** | | **3.500.000,00** |
| – за надградба на системот за водоснабдување на Ресен и 20 населени места (Крушје-Ресен-Сирхан) | 800.000,00 | |
| – за изградба на главен довод Царев Двор – село Езерени за водоснабдување на с. Езерени | 600.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација во Ресен | 700.000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| – за изградба на фекална канализација во с. Јанковец | 1.400.000,00 | |
| **Општина Свети Николе** | | **1.300.000,00** |
| – за изградба на систем за водоснабдување на населените места: | | |
| • Црнилиште | 300.000,00 | |
| • Кадрифаково | 300.000,00 | |
| • Немањеци | 400.000,00 | |
| • Кнежје | 300.000,00 | |
| **Општина Струмица** | | **600.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Градошорци | 600.000,00 | |
| **Општина Струга** | | **1.300.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на Струга и повеќе населени места со зафаќање на извор Вишни и Беличките извори | 500.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Октиси | 800.000,00 | |
| **Општина Луково** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Луково | 1.000.000,00 | |
| **Општина Лабуниште** | | **1.100.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Подгорци | 500.000,00 | |
| – за изградба на фекална канализација на с. Лабуниште | 600.000,00 | |
| **Општина Вевчани** | | **400.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација на с. Вевчани | 400.000,00 | |
| **Општина Брвеница** | | **1.400.000,00** |
| – за надградба на системот за водоснабдување на селата Брвеница и Седларце | 400.000,00 | |
| – за продолжување со изградба на водоводите за водоснабдување на | | |
| • с. Нови Челопек | 500.000,00 | |
| • с. Милетино | 500.000,00 | |
| **Општина Јегуновце** | | **500.000,00** |
| – за продолжување со изградбата на фекална канализација во с. Жилче | 500.000,00 | |
| **Општина Велес** | | **2.100.000,00** |
| – за изградба на водоводи за водоснабдување на: | | |
| • с. Кумарино | 500.000,00 | |
| • м.з. „Родна Ивева", Велес | 400.000,00 | |
| – за изградбата на фекална канализација во: | | |
| • населба Превалец, Велес | 500.000,00 | |
| • населба Вршник, Велес | 200.000,00 | |
| • с. Дурутовец | 500.000,00 | |
| **Општина Зелениково** | | **700.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на населените места Орешани, Зелениково и станица Зелениково со поврзување на градскиот водовод | 700.000,00 | |
| **Општина Петровец** | | **900.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на Средно, Горно и Долно Коњаре | 600.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на Катлановска Брезница | 300.000,00 | |
| **Општина Сопиште** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во населба Припор | 1.000.000,00 | |
| **Општина Сарај** | | **1.500.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација во Горно и Долно Љубин и нас. Сарај | 1.500.000,00 | |
| **Општина Гази Баба** | | **700.000,00** |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на с. Црешово | 700.000,00 | |
| **Општина Тетово** | | **1.000.000,00** |
| – за изградба на фекална канализација на МЗ „Гам Гам" | 500.000,00 | |
| – за изградба на водовод за водоснабдување на МЗ Мала Речица | 500.000,00 | |
| | | **ВКУПНО: 55.000.000,00** |

2. Средствата од точка 1 на ова одлука се користат за учество на Републиката за изградба на водоводи во општините и фекални канализации, без обврска за враќање.

Користењето на средствата што претставува учество на Републиката се условува со документација за реализирање на соодветната инвестициона програма во износ од најмалку иста вредност како што е учеството на Републиката.

3. Исплатата на средствата по оваа одлука, по претходно доставената документација за наменското користење на средствата од страна на единиците на локалната самоуправа ја врши Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Број 23-2464/1
27 октомври 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1088.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр. 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на заменициге на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на заменициге на јавниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 57/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОГЛАСУВАЊЕ, ИМЕНУВАЊЕ ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

1. Владата на Република Македонија огласува дека ќе врши именување на јавен правобранител и на 20 заменици на јавниот правобранител.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 18 од Законот за јавното правобранителство (државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит и кој ужива углед за вршење на јавно-правобранителска функција при што кандидатот за јавен правобранител треба да биде истакнат правник, да има работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи над 12 години, а кандидатот за заменик на јавен правобранител треба да има искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи над 3 години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-2503/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1089.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр. 47/97) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЗАМЕНИЦИТЕ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЗАМЕНИЦИТЕ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ**

Член 1

Бројот на заменициге на јавниот правобранител на Република Македонија се утврдува врз основа на обемот и сложеноста на работата на јавното правобранителство на територијата на одделните подрачја во кои се врши јавно-правобранителската функција.

Член 2

За подрачјата: Битола, Куманово, Струмица, Штип, Кочани, Кавадарци, Гостивар, Гевгелија, Тетово, Велес, Кичево, Охрид, Прилеп и Струга се определува по еден заменик на јавниот правобранител на Република Македонија.

За подрачјето на Скопје се определуваат шест заменици на јавниот правобранител на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2502/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1090.**

Врз основа на член 15 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр. 47/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈАТА НА ОПШТИНИТЕ ВО КОИ СЕ ВРШИ ЈАВНО-ПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА ЗА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат 15 подрачја на општини во кои се врши јавно-правобранителската функција на територијата на Република Македонија преку јавниот правобранител и неговите заменици.

Член 2

За подрачјето на општините во кои се врши јавно -правобранителската функција на територијата на Република Македонија се утврдуваат:

1. Битола – за општините на подрачјето на основните судови во Битола и Ресен.
2. Куманово – за општините на подрачјето на основните судови: Куманово, Кратово и Крива Паланка.
3. Струмица – за општините на подрачјето на основните судови во Струмица и Радовиш.
4. Штип – за општините на подрачјето на основните судови во Штип и Свети Николе.
5. Кочани – за општините на подрачјето на основните судови во Кочани, Виница, Берово и Делчево.
6. Кавадарци - за општините на подрачјето на Основниот суд во Кавадарци.
7. Гевгелија – за општините на подрачјето на Основниот суд во Гевгелија.
8. Гостивар - за општините на подрачјето на Основниот суд во Гостивар.
9. Тетово – за општините на подрачјето на Основниот суд во Тетово.
10. Велес – за општините на подрачјето на основните судови во Велес и Неготино.
11. Кичево – за општините на подрачјето на Основниот суд во Кичево.
12. Охрид - за општините на подрачјето на Основниот суд во Охрид.
13. Прилеп – за општините на подрачјето на Основниот суд во Прилеп и Крушево.
14. Струга - за општините на подрачјето на основните судови во Струга и Дебар.
15. Скопје – за општините на подрачјето на основните судови Скопје I и Скопје II.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2501/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1091.**

Врз основа на член 4 од Законот за игрите на среќа, и за забавните игри („Службен весник на РМ", бр. 10/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ВО 1997 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средствата во износ од 67.500.000 денари од игрите на среќа и од забавните игри, кои се уплатени во Буџетот на Републиката и на Посебната републичка сметка за приходи од игри на среќа и забавни игри на автомати.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распоредуваат на следниве корисници:

1. Заедница на инвалидски организации на Република Македонија
   – за финансирање на програмите наменети за хендикепирани лица 46.410.000
2. Министерство за образование и физичка култура
   – за масовен и врвен спорт 10.465.000
3. Црвен крст на Република Македонија
   – за финансирање на програмски цели 5.005.000

4. Министерство за наука
   - Сојуз на организации за техничка култура 1.000.000
5. Министерство за култура
   - Заштита на споменици 4.620.000

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Министерството за финансии.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.23-2554/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1092.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 4/96 и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 03.11.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ЗА ОБЈЕКТОТ „110 КВ ВОД“ НА ПОТЕГОТ „ВРУТОК ГОСТИВАР“ - „ПОЛОГ-ТЕТОВО 2“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНИТЕ: ВРУТОК, ГОСТИВАР, ЧЕГРАНЕ, БОГОВИЊЕ, КАМЕЊАНЕ, БРВЕНИЦА И ТЕТОВО**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „110 Кв вод“, што треба да се гради на потегот „Врутoк Гостивар“ - „Полог Тетово 2“ во општините: Врутoк, Гостивар, Чегране, Боговиње, Камењане, Брвеница и Тетово, инвеститор е ЈП „Електростопанство на Македонија“ и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:25000, кој не се објавува а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2520/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1093.**

Врз основа на член 28 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на РМ“, бр. 27/86 и 17/91) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94, Владата на Република Македодија, на седницата одржана на 3 11.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА МЕЃУ КАТАСТАРСКИТЕ ОПШТИНИ КОЧАНИ И ОРИЗАРИ**

1. Со оваа одлука се менува досегашната граница меѓу катастарските општини Кочани и Оризари според Записникот за омеѓување на катастарските општини на град Кочани и село Оризари составен од Комисијата за разграничување и одбележување на граничната линија на КО Кочани и КО Оризари од 15.03.1996 година при вршење на премерот и изготвување на катастар на недвижностите за КО Кочани и КО Оризари.

2. Составен дел на оваа одлука е Записникот за омеѓување на катастарските општини Кочани и Оризари на Комисијата за разграничување и одбележување на граничната линија на КО Кочани и КО Оризари, кој не се објавува, а се наоѓа во Републичката геодетска управа.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2500/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1094.**

Врз основа на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1997 година („Службен весник на РМ“, број 71/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“, број 38/90 и „Службен весник на РМ“, број 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 11.1997 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ДРУШТВА, ЗДРУЖЕНИЈА И СОЈУЗИ ВО 1997 ГОДИНА**

Член 1

Во Одлуката за учество на Републиката во финансирањето на општествените организации, друштва, здруженија и сојузи во 1997 година („Службен весник на РМ“, број 19/97) во член 1 точка 2 од Одлуката износот „10.000.000“ се заменува со износот „10.300.000“. По точката 33 се додаваат точките: 34. Сојуз на пензионерите, со износ од „50.000“ и 35. Здружение на деца бегалци од Егејскиот дел на Македонија, со износ од „50.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Репбулика Македонија“.

Број 23-2555/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1095.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА**

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министер-

ството за земјоделие, шумарство и водостопанство и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 49 | – Друго испорачани како системи: | |
| | 8471 49 90 00 | --- Друго<br>а) Del optiPlex GxaM<br>- Pentium II 233 Mhz<br>- 64Mb ECC DIMM memory<br>- Eight Speed SCSI CD rom | 3 парчиња |
| | | б) Dell OptiPlex Gsl<br>- Pentium 166 Mmx Mhz<br>- 64 Mb ECC DIMM memory<br>- Eight Speed SCSI CD - ROM | 1 парче |
| | 8471 60 | – Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште: | |
| | 8471 60 40 00 | --- Печатари<br>а) HP Laser jet 6MP<br>- 600 × 600 dpi<br>- 3Mb<br>- Post Script, 8 str/min | 3 парчиња |
| | | б) HP DescJet 820c<br>- 600 × 600 dpi<br>- 6 str/min black<br>- 4 str/min color | 1 парче |
| | 8471 60 90 00 | --- Друго<br>а) HP ScanJet 5p<br>- 300 opticka<br>- 1200 enhansed OCR | 2 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2462/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1096.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 63/93) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9009 | | Апарати за фотокопирање со вграден оптички систем, апарати за контактно копирање и апарати за термичко копирање: | |
| | 9009 21 00 00 | – Со вграден оптички систем<br>а) Xerox 5621 Copier | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2461/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1097.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 63/93) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.11.1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8517 | | Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони: | |
| | 8517 21 00 00 | – Телефакси<br>а) телефакс „CANON“ L 300 | 1 парче |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 9009 | | Апарати за фотокопирање со вграден оптички систем, апарати за контактно копирање и апарати за термичко копирање: | |
| | 9009 21 00 00 | -- Со вграден оптички систем<br>а) фотокопир „CANON" NP 6035 | 1 парче |

2. Ова решние влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2463/1
3 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1098.**

Врз основа на член 5, став 2 од Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на РМ", бр. 23/95), министерот за стопанство донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ И УСЛОВИТЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

Член 1

Во Правилникот за минимално-техничките услови за вршење на угостителската и туристичката дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда („Сл. весник на РМ", бр. 59/95, 19/96 и 38/97) во членот 15, по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Во угостителските објекти во кои просториите за послужување на гостите имаат галерија (просторија на две нивоа), височината во просториите за послужување на гостите од подот до таванот треба да изнесува најмалку 4,8 м, а височината од подот на галеријата до таванот треба да изнесува најмалку 2,2 м".

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 2

Во членот 21, став 8, првата реченица се брише.

Член 3

Во членот 23, став 1, последната реченица се брише.

Член 4

Во членот 27 ставот 1 се менува и гласи:

„Во давањето на угостителските услуги, во зависност од категоријата на угостителските објекти, раководителот (директор, сопственик, управник) и персоналот кој директно комуницира со гостите, треба да знаат еден или повеќе странски јазици, утврдени со интерен акт, и тоа англиски, француски, германски, италијански, шпански и руски, што се докажува со соодветна исправа".

Член 5

Во Прилогот V на овој правилник, во категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци, (четврта категорија) означени со една ѕвездичка, под реден број I Уредување и опрема, во точката 7, потточка 7.2; во категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (трета категорија), означени со две ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема, во точката 7, потточка 7.2; во категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема, во точката 8, потточка 8.2; и категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (прва категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема, во точката 8, потточка 8.2; се додава фуснота 1, која гласи:

„За ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци, кои се наоѓаат во заштитени објекти и стари градски делови кои се споменици на културата, височината од подот до таванот изнесува најмалку 2,5 м.

Во ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци, чии простории за послужување имаат галерија, височината од подот до таванот треба да изнесува најмалку 4,8 м, а височината од подот на галеријата до таванот треба да изнесува најмалку 2,2 м".

Член 6

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимално-техничките услови за вршење на угостителската и туристичката дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда („Службен весник на РМ", бр. 38/97) членовите 5 и 6 се бришат.

Член 7

Во делот IV – Преодни и завршни одредби се додаваат два нови члена 47-а и 47-б кои гласат:

„Член 47-а

Елементите за категоризација определени во прилозите од став 1, точките од 1 до 5 на член 45 од овој Правилник не се однесуваат на објектите на туристичката понуда изградени и пуштени во употреба пред влегувањето во сила на овој Правилник и тоа во:

Прилог I- Категоризација на хотели, пансиони и мотели

Категоризација на хотели (петта категорија), пансиони и мотели (трета категорија), означени со една ѕвездичка, под реден број I Уредување и опрема:
- точка 4, потточка 4.1. – Лифтови
- точка 7, потточка 7.1.– Скали и ходници
- точка 14, потточка 14.3. – Минимална површина на бањата

Категоризација на хотели (четврта категорија), пансиони и мотели (втора категорија), означени со две ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:
- точка 4, потточка 4.1. – Лифтови
- точка 7, потточка 7.1.– Скали и ходници
- точка 17, потточка 17.3. – Минимална површина на бањата

Категоризација на хотели (трета категорија), пансиони и мотели (прва категорија), означени со три ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:
- точка 4, потточка 4.1. – Лифтови
- точка 7, потточка 7.1.– Скали и ходници
- точка 17, потточка 17.3. – Минимална површина на бањата

Категоризација на хотели (втора категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:
- точка 4, потточка 4.1. – Лифтови
- точка 4 потточка 4.2. – Товарен или друг лифт
- точка 7, потточка 7.1.– Скали и ходници

- точка 19, потточка 19.3. - Минимална површина на бањата

Категоризација на хотели (прва категорија), означени со пет ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 7, потточка 7.1.- Скали и ходници
- точка 19, потточка 19.3.- Минимална површина на бањата

Прилог II - Категоризација на туристички апартмани и резиденции

Категоризација на туристички апартмани (четврта категорија), означени со една ѕвездичка, под реден број I Уредување и опрема

- точка 3, потточка 3.1.- Лифтови
- точка 4, потточка 4.1. - Скали и ходници
- точка 13, потточка 13.4. подброј 13.4.1.- Минимална површина на бањата.

Категоризација на туристички апартмани (трета категорија), означени со две ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 3, потточка 3.1. - Лифтови
- точка 4, потточка 4.1. - Скали и ходници
- точка 16, потточка 16.4., подброј 16.4.1. - Минимална површина на бањата

Категоризација на туристички апартмани (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 3, потточка 3.1.- Лифтови
- точка 4, потточка 4.1. - Скали и ходници
- точка 16, потточка 16.4., подброј 16.4.1.- Минимална површина на бањата

Категоризација на туристички апартмани (прва категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 3, потточка 3.1. - Лифтови
- точка 3 потточка 3.2. - Товарен лифт или друг лифт
- точка 4, потточка 4.1. - Скали и ходници
- точка 18, потточка 18.4., подброј 18.4.1. - Минимална површина на бањата

Категоризација на туристички резиденции (прва категорија), означени со пет ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 18, потточка 18.4, подброј 18.4.1. - Минимална површина на бањата

Прилог IV - Категоризација на куќи, станови за одмор и соби за издавање

Категоризација на куќи, станови за одмор и соби за издавање (четврта категорија) означени со една ѕвездичка, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 2, потточка 2.1. - Лифтови
- точка 7 потточка 7.2. - Бања со ВЦ
- точка 7, потточка 7.4. - Влезен хол

Категоризација на куќи, станови за одмор и соби за издавање (трета категорија), означени со две ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:2

- точка 2, потточка 2.1. - Лифтови
- точка 7, потточка 7.2. - Бања со ВЦ
- точка 7, потточка 7.4.- Влезен хол

Категоризација на куќи, станови за одмор и соби за издавање (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број I уредување и опрема:

- точка 2, потточка 2.1. - Лифтови
- точка 8, потточка 8.2 - Бања со ВЦ
- точка 8, потточка 8.4. - Влезен хол

Категоризација на куќи, станови за одмор и соби за издавање (прва категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 2, потточка 2.1. - Лифтови
- точка 10, потточка 10.2. - Бања со ВЦ
- точка 10, потточка 10.4. - Влезен хол

Прилог V - Категоризација на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци

Категоризација на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (четврта категорија), означени со една ѕвездичка, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 3, потточка 3.1. - Лифтови

Категоризација на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (трета категорија), означени со две ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 3, потточка 3.1. - Лифтови

Категоризација на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број I Уредување и опрема:

- точка 3, потточка 3.1. - Лифтови

Категоризација на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (прва категорија), означени со четири ѕвездички под реден број I Уредување и опрема:

- точка 2, потточка 2.1. - Лифтови

Член 47-б

Во Прилогот I-Категоризација на хотели, пансиони и мотели

Во категоризацијата на хотели (петта категорија), пансиони и мотели (трета категорија), означени со една ѕвездичка, под реден број II Услуги, во точката 6; во категоризацијата на хотели (четврта категорија), пансиони и мотели (втора категорија), означени со две ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 7; во категоризацијата на хотели (трета категорија), пансиони и мотели (прва категорија), означени со три ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 10, во категоризацијата на хотели (втора категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број II Услуги, во точка 11 и категоризацијата на хотели (прва категорија), означени со пет ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 11, зборовите „странски јазици течно зборува" се бришат.

Во категоризацијата на хотели (трета категорија), пансиони и мотели (прва категорија), означени со три ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 10, потточка 10.1., подброј 10.1.1. и потточка 10.2., подброј 10.2.1., зборовите „два странски јазика" се заменуваат со зборовите „еден странски јазик".

Во категоризацијата на хотели (втора категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 11, потточка 11.1., подброј 11.1.1. и потточка 11.2., подброј 11.2.1., зборот „три" се заменува со зборот „два".

Во категоризацијата на хотели (прва категорија, означени со пет ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 11, потточка 11.1., подброј 11.1.1., зборот „три" се заменува со зборот „два", а во потточка 11.2., подброј 11.2.1., зборот „четири" се заменува со зборот „два".

Во Прилогот II -Категоризација на туристички апартмани и резиденции

Во категоризацијата на туристички апартмани (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 10, потточка 10.1., подброј 10.1.1 и потточка 10.2., подброј 10.2.1., зборовите „два странски јазика" се заменуваат со зборовите „еден странски јазик".

Во категоризацијата на туристички апартмани (прва категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 11, потточка 11.1., подброј 11.1.1 и потточка 11.2., подброј 11.2.1., зборот „три" се заменува со зборот „два".

Во категоризацијата на туристички резиденции (прва категорија), означени со пет ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 11, потточка 11.1., подброј 11.1.1., зборот „три" се заменува со зборот „два", а во потточкаа 11.2., подброј 11.2.1., зборот „четири" се заменува со зборот „два".

Во Прилогот III-Категоризација на кампови

Во категоризацијата на кампови (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 6, потточка 6.1., зборовите „два странски јазика", се заменуваат со зборовите „еден странски јазик".

Во категоризацијата на кампови (прва категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 6, потточка 6.1., зборот „три" се заменува со зборот „два".

Во Прилогот V-Категоризација на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци

Во категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (трета категорија), означени со две ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 5, потточка 5.1., зборовите „два странски јазика" се заменуваат со зборовите „еден странски јазик".

Во категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (втора категорија), означени со три ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 5, потточка 5.1.,, зборот „два" се заменува со зборот „еден", а зборот „три" се заменува со зборот „два".

Фуснотата „2" се брише.

Во категоризацијата на ресторани и други угостителски објекти за исхрана и пијалаци (прва категорија), означени со четири ѕвездички, под реден број II Услуги, во точката 5, потточка 5.1., се менува и гласи:

„5.1. Раководителот и услужниот персонал да знаат два странски јазика".

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 18-4655/2 1997 година
Скопје

Министер,
м-р **Борис Рикаловски**, с.р.

**1099.**

Врз основа на член 34 од Законот за пуштање на лекови во промет („Сл. лист на СФРЈ", бр. 43/86) Министерството за здравство објавува

## СПИСОК НА ГОТОВИ ЛЕКОВИ ЗА КОИ Е ДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 30.12.1991 ДО 30.06.1997

Во периодот од 30.12.1991 до 30.06.1997 е дадено одобрение за пуштање во промет на следните готови лекови:

| име на лекот<br>INN генеричко име | форма, доза и пакување на лекот | начин на издавање, односно употреба на лекот | производител на лекот застапник | број и датум на решението |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ABAKTAL<br>pefloxacin | инјекции<br>400 мг/ 5 мл<br>кутија<br>со<br>10 ампули од 5 мл | Лекот може да се употребува само во стационарна здравствена организација (СЗ) | LEK<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д.о.о<br>Скопје | 09-4055/94<br>од<br>23 11.1995 |
| ABAKTAL<br>pefloxacin | таблети<br>400 мг<br>кутија<br>со<br>10 таблети | Лекот може да се употребува само во стационарна здравствена организација (СЗ) | LEK<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д о о<br>Скопје | 09-4054/93<br>од<br>23.11.1995 |
| ACETISAL<br>acetylsalicylic acid | таблети<br>500 мг<br>кутија<br>со<br>10 таблети | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | АЛКАЛОИД<br>Скопје<br>Р Македонија<br>АЛКАЛОИД АД - фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија<br>Скопје | 09-5051/93<br>од<br>25 09.1994 |
| ACETISAL<br>acetylsalicylic acid | таблети<br>500 мг<br>кутија<br>со<br>500 таблети | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | АЛКАЛОИД<br>Скопје<br>Р Македонија<br>АЛКАЛОИД АД - фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија<br>Скопје | 09-5050/93<br>од<br>25 09 1994 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ACETISAL<br><br>acetylsalicylic acid | таблети<br>500 мг<br>кутија<br>со<br>20 таблети | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | HEMOFARM<br>Вршац<br>СР Југославија<br>ХЕМОФАРМ КОМЕРЦ д о о<br>Скопје | 09-3757/93<br>од<br>11 07 1994 |
| ACETISAL<br><br>acetylsalicylic acid | таблети<br>500 мг<br>кутија<br>со<br>250 таблети | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | HEMOFARM<br>Вршац<br>СР Југославија<br>ХЕМОФАРМ КОМЕРЦ д.о о<br>Скопје | 09-3758/93<br>од<br>11 07 1994 |
| ACLOVIR<br><br>aciclovir | маст за очи<br>3%<br>туба<br>со<br>4,5 г | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | LEK<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д о о<br>Скопје | 09-6672/94<br>од<br>09 05 1996 |
| ACLOVIR<br><br>aciclovir | маст<br>5%<br>туба<br>со<br>5 г | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | LEK<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д о о<br>Скопје | 09-6671/94<br>од<br>09 05 1996 |
| ACTRAPHANE HM/ge<br><br>insulin-human (sredno-dolgo dejstvo) | инјекции<br>40 ИЕ/1 мл<br>кутија<br>со<br>1 шишенце од 10 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С , претставништво | 09-1763<br>од<br>24 05 1993 |
| ACTRAPHANE HM/ge PENFILL<br><br>insulin-human (sredno-dolgo dejstvo) | инјекции<br>100 ИЕ/1 мл<br>кутија<br>со<br>5 карпули од 1,5 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С претставништво<br>Скопје | 09-1618<br>од<br>16 03 1994 |
| ACTRAPHANE NOVOLET<br><br>insulin-human (sredno-dolgo dejstvo) | инјекции<br>100 ИЕ/1 мл<br>кутија<br>со<br>5 веќе наполнети медицински инјекциони шприцеви од 1,5 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С , претставништво<br>Скопје | 09-2094<br>од<br>17 06 1993 |
| ACTRAPID HM/ge<br><br>insulin-human (kratko dejstvo) | инјекции<br>40 ИЕ/1 мл<br>кутија<br>со<br>1 шишенце од 10 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С , претставништво<br>Скопје | 09-1764<br>од<br>24 05 1993 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **ACTRAPID HM/ge PENFILL**<br><br>**insulin-human (kratko dejstvo)** | инјекции<br>100 ИЕ/мл<br>кутија<br>со<br>5 карпули од 1,5 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С , претставништво<br>Скопје | 09-1619<br>од<br>16.03.1994 |
| **ACTRAPID MC**<br><br>insulin-svinski (kratko dejstvo) | инјекции<br>40 ИЕ/1 мл<br>кутија<br>со<br>1 шишенце од 10 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С , претставништво<br>Скопје | 09-3801<br>од<br>12.10.1993 |
| **ACTRAPID NOVOLET**<br><br>insulin-human (kratko dejstvo) | инјекции<br>100 ИЕ/1 мл<br>кутија<br>со<br>5 веќе наполнети медицински инјекциони шприцеви од 1,5 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | NOVO NORDISK A/S<br>Багсваерд<br>Данска<br>НОВО НОРДИСК А/С , претставништво<br>Скопје | 09-2096<br>од<br>17.06.1993 |
| AD3<br><br>retinol, colecalciferol | капки<br>(6000/2000 ИЕ)/1 мл<br>шишенце<br>со<br>15 мл воден раствор | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | KRKA<br>Ново Место<br>Р.Словенија<br>КРКА - ФАРМА д.о.о.<br>Скопје | 09-8228/95<br>од<br>25.03.1996 |
| ADALAT<br><br>nifedipine | капсули<br>10 мг<br>кутија<br>со<br>50 капсули | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | BAYER PHARMA<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д.о.о<br>Скопје | 10-5732/92<br>од<br>04.11.1994 |
| ADAVIN<br><br>nicergoline | инјекции<br>4 мг/мл<br>кутија<br>со<br>5 лио-шишенца и 5 ампули од 4 мл со растворувач | Лекот може да се употребува само во стационарна здравствена организација (СЗ) | LEK<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д о о<br>Скопје | 09-3733/95<br>од<br>25.12 1995 |
| ADAVIN<br><br>nicergoline | дражеи<br>10 мг<br>кутија<br>со<br>30 дражеи | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | LEK<br>Љубљана<br>Р Словенија<br>ЛЕК д о.о<br>Скопје | 09-3732/95<br>од<br>25.12 1995 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **ADIABEN**<br><br>**chlorpropamide** | таблети<br>250 мг<br>кутија<br>со<br>30 таблети | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | BELUPO<br>Копривница<br>Р.Хрватска<br>АД РЕПЛЕК - МАКЕДОНИЈА<br>Скопје | 09-3698/95<br>од<br>02.02.1996 |
| **ADOLON**<br><br>**trospium** | инјекции<br>0,2 мг/5 мл<br>кутија<br>со<br>10 ампули од 5 мл | Лекот може да се употребува во здравствена организација, со исклучок лекот може да се издаде и со лекарски рецепт, со цел да се продолжи терапијата дома, ако е назначено дека лицето претходно било лекувано со овој лек во здравствената организација (ЗР) | АЛКАЛОИД<br>Скопје<br>Р.Македонија<br>АЛКАЛОИД АД - фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија<br>Скопје | 09-4479/96<br>од<br>25.09.1996 |
| **ADOLON**<br><br>**trospium** | инјекции<br>0,2 мг/5 мл<br>кутија<br>со<br>50 ампули од 5 мл | Лекот може да се употребува во здравствена организација, со исклучок лекот може да се издаде и со лекарски рецепт, со цел да се продолжи терапијата дома, ако е назначено дека лицето претходно било лекувано со овој лек во здравствената организација (ЗР) | АЛКАЛОИД<br>Скопје<br>Р Македонија<br>АЛКАЛОИД АД - фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија<br>Скопје | 09-4480/96<br>од<br>25 09 1996 |
| **ADOLON**<br><br>**trospium** | таблети<br>5 мг<br>кутија<br>со<br>20 таблети | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р) | АЛКАЛОИД<br>Скопје<br>Р.Македонија<br>АЛКАЛОИД АД - фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија<br>Скопје | 09-1469/96<br>од<br>10.06 1996 |
| **ADONAL 100**<br><br>**acetylsalicylic acid (pufer)** | таблети<br>100 мг<br>кутија<br>со<br>500 таблети | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | ЈАКА 80<br>Радовиш<br>Р. Македонија<br>ЈАКА 80 - диететска, козметичка и фармацевтска индустрија<br>Радовиш | 09-2347/94<br>од<br>15 10.1996 |
| **ADONAL 300**<br><br>**acetylsalicylic acid (pufer)** | таблети<br>300 мг<br>кутија<br>со<br>500 таблети | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | ЈАКА 80<br>Радовиш<br>Р Македонија<br>ЈАКА 80 - диететска, козметичка и фармацевтска индустрија<br>Радовиш | 09-2349/94<br>од<br>15 10 1996 |
